Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар”бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак
Рок на чување
г. Потпис

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година со архивски број 08-246/1 од 21.02.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-286/21
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 12, 14 и 39 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр. 66/04, 139/08, и 99/09), како и член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација**
**во Општина Демир Хисар за 2023 година**

Согласно Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани активности насочени кон спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми и штетници со цел заштита на населението на подрачјето на Општина Демир Хисар.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 320.000,00 денари. Со третиот ребаланс во 2023 година, овие средства се утврдени на износ од 200.000,00 денари. Активностите утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.

Во изминатата 2023 година беа реализирани следните активности:

1. Дезинсекција (три третмани и тоа на 1-2 јуни, 11-12 јули и 15-16 август)

Со дезинсекција беа опфатени 300 хектари.

2. Дератизација (два третмани и тоа на 18 мај и 3 октомври)

Со дератизација беа опфатени подземните канализациони системи со ревизиони и прифатни канализациони шахти во Демир Хисар, Кутретино, Суводол, Слепче, Сопотница и Слоештица како и прифатни канализациони системи околу објекти од јавен интерес на територија на град Демир Хисар и тоа: ЈОУДГ "2-ри Септември", ООУ "Гоце Делчев", СОУ "Крсте П. Мисирков", ЈЗУ "Здравствен дом" Демир Хисар и СЗУ "Психијатриска болница" Демир Хисар. Дератизирани беа 370 шахти.

Извршител на работите беше ЈЗУ "Центар за јавно здравје" Битола, а контролата од страна на вработени лица во Општина Демир Хисар и ЈКП "Комуналец" Демир Хисар.

Вредноста на реализираниот Договор за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година изнесува 189.960,00 денари.

Бр. 08-246/1
21.02.2024 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски